РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-619/1
19.02. 2020 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), градоначалникот на општината Крива Паланка ги известува правните и физичките лица дека се распишува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови за првиот квартал во 2020 година

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) во првиот квартал од 2020 во период од 20.02.2020 година до 20.03.2020 година.

- Во горенаведениот период сите заинтересирани правни и физички лица можат да достават иницијативи за донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план;

- Јавниот повик ќе трае од 20.02.2020 година до 20.03.2020 година;

- Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на општината Крива Паланка, на огласната табла во општината Крива Паланка, во информацискиот систем е-урбанизам, во дневниот весник „Нова Македонија“ и преку објава во службено гласило на општината Крива Паланка.

- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма преку архивата на општината Крива Паланка до одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во горенаведениот рок.

- Комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативите ќе одлучи по секоја поднесена иницијатива и ќе го извести подносителот на иницијативата за прифаќање, односно, неприфаќање на истата со образложение во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма;

- Прифатените иницијативи од јавниот повик ќе бидат вградени во годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општината Крива Паланка.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Борјанчо Мицевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА